**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Деведесет и седмата седница на**
**Собранието на Република Македонија**
**одржана на 18 декември 2001 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја отворам Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Своето отсуство од денешната седница од оправдани причини го најавија 14 пратеници и тоа: Васил Ефтимов, Весна Јовановска, Слободан Ќосев, Митко Киров, Жарко Караџоски, Диспина Марковска, Ицко Делчев, Ванчо Панчев, Илија Пемов, Горанчо Трајков, Панде Томов, Никола Јованов и Стојан Андов, а условно отсуствува Валентина Божиновска.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

(на мониторот се покажува бројка од 68 присутни пратеници)

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Согласно член 98 став 1 алинеја 3 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, констатирам дека со именувањето за генерален конзул на Република Македонија во САД на пратеникот Филип Петровски му престана функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи пратеникот Филип Петровски беше избран од листа на кандидати, потребно е ДИК да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно член 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Оваа седница е свикана по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на Закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за Проект за итна економска обнова, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Меѓународното здружение за развој од Договорот за Проектот за итна економска обнова.

Предлогот ви е поделен.

Молам претставникот на Владата да ја образложи основаната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор заменик министерот за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Предлагаме Собранието на Република Македонија по итна постапка да го донесе законот за да се овозможи повлекување на првата транша од средствата од кредитот пред завршувањето на кледарската и фискалната година односно до крајот на 2001 година, со цел делумно покривањена минусното салдо во платниот биланс.

Со ова треа да Сеовозможи редовно сервисирањена обврските и да се избегнат отстапувањата во спроведувањето на стабилна макроекономска и монеарна политика.

Цеокупната документација и апликација за повлекување на средствата за кредит треба да бидат доставени до Свеската банка најдоцна до 19 декеври 2001 година поради Божиќните празници, а истовремено да биде потпишан договорот за кредитот од страна на амбасадорот на Република Македонија во САД, г. Никола Димитров најдоцна до 18 декември 2001 година, за да Се овозможи повлекување на средства од првата транша од кредитот на 28 декември 2001 година.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот на Владата овој закон да Се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 64 за, 5 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предпогот.

Предлагам предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 67, од кои 61 за, 3 воздржано и 3 против.

Констатирам Дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

милијарди долари, вие ќе кажете конкретно, јас знам и конкретно колку сме должни, ќе се врати овој долг од страна на државата и на сите граѓани на Република Македонија. Дали ќе биде тоа, а знам дека нема да биде, за пет, десет или 15, 30 години, дали имаме визија ние што седиме овде и оние што предлагаат само да ја задолжуваме Република Македонија, без да размислуваме како ќе се вратат, односно ќе враќаат други генерации а не оваа генерација овде што седи. Тоа е суштинско прашање што Владата на Република Македонија треба да го постави.

Трето прашање: ако имаме одговор, а треба да имаме одговор, треба да се постави прашањето од кое производство, од која економија во Република Македонија што се создава и климата што ја создаваме сега може да се вратат овие кредити од 1.400.000.000, посебно овие нови задолжувања.

Затоа, ако немаме визија, спасот на Република Македонија, спасот за подобар животен стандард, спасот за основна минимална егзистенција на граѓаните, спасот за поддршка на платниот биланс, јас лично како Ванчо Чифлиганец пратеник во овој законодавен дом и партијата на СДСМ на која припаѓам не го гледам.

Поддршка на платниот биланс, господа, се прави а тоа било која Влада па и актуелната мора да знае дека може да се прави само со производство постигнато на пазарни услови. Најдобрата поддршка на платниот биланс е со производство, со производи што ги произведува Репулика Макеоднија да може да биде конкуретна на странскиот пазар, да се извезе тоа производство. Трговскиот дефицит на Македонија не е 15,100 или 150 туку е два пати или три пати поголемо. Затоа, треба да са запрашаме бидејќи во Македонија има региони, општини и фабрики што само создаваат загуби, а не создаваат новосоздадена вредност односно производство кое ќе се пласира дојдат овиа предлози на закони кои треба да Се донесат по итна постапка, за да бидема ниа како народни избраници уверани дека овој закон треба да се изгласа.

Но да Не са сфати дака одделни пратеници во овој највисок законодавен дом се против реформита, односно ја кочат Владата на Република Македонија за реформскиот зафат кој се прави.

Ваднаш на початокот сакам да истакнам сладното. Како редит кој се нуди од Маѓународното здружаниа за развој од 15 милиони долари за мане е скроман кредит за прад се со поволни услови, со рок на враќање од 20 години односно 10 години граис период, а за 20 годишниот париод е баскаматан. Тоа е едан од поповлнита крадити што оваа држава и ова Собраниа ги усвојува.

Јас сакам овде јавно да го поставам прашањето пред одговорните субјакти во Владата на Рапублика Макадонија, дали е тоа заманик министерот, дали се потпратсадаталита или министрите. Ги знам објективните околности во кои се донесува законот, дацанија или два во таква состојба се наоѓама, а особано во посладнита дветри години со НАТО интерванцијата, на аграсија, со состојбита во Макадонија што беа предизвикани во изминатите 6-7 месаци. Но сега сакав да ве запрашам господа од Владата на Република Македонија.

На денешен ден, во сегашниот час, во сегашната минута кој е овој долар со кој са задолжува Рапублика Македонија, дали а тоа милијарда и четрсто милиони, дали е 1.500.000.000 долари или 1.515.000.000 долари со овој крадит. Сакам да го слушнам вашиот збор. Значи, со посладниот договор колку е задолжена Република Македонија. Не валам дака само вие задолжувата, но прашувам за данашниот Ден, за денешниот час, за денешната минута.

Второ прашања: дали имама визија, без оглед која Влада е, актуелната Влада сага ја прашувам, за кој временски Период околу 1,5 милијарди долари, вие ке кажете конкретно, јас знам и конкретно колку сме должни, ќе се врати овој долг од страна на државата и на сите граѓани на Република Македонија. Дали ќе биде тоа, а знам дека нема да биде, за пет, десет или 15, 30 години, дали имаме визија ние што седиме овде и оние што предлагаат само да ја задолжуваме Република Македонија, без да размислуваме како ќе се вратат, односно ќе враќаат други генерации а не оваа генерација овде што седи. Тоа е суштинско прашање што Владата на Република Македонија треба да го постави.

Трето прашање: ако имаме одговор, а треба да имаме одговор, треба да се постави прашањето од кое производство, од која економија во Република Македонија што се создава и климата што ја создаваме сега може да се вратат овие кредити од 1.400.000.000, посебно овие нови задолжувања.

Затоа, ако немаме визија, спасот на Република Македонија, спасот за подобар животен стандард, спасот за основна минимална егзистенција на граѓаните, спасот за поддршка на платниот биланс, јас лично како Ванчо Чифлиганец пратеник во овој законодавен дом и партијата на СДСМ на која припаѓам не го гледам.

Поддршка на платниот биланс, господа, се прави а тоа било која Влада па и актуелната мора да знае дека може да се прави само со производство постигнато на пазарни услови. Најдобрата поддршка на платниот биланс е со производство, со производи што ги произведува Репулика Макеоднија да може да биде

конкуретна на странскиот пазар, да се извезе тоа производство. Трговскиот дефицит на Македонија не е 15,100 или 150 туку е два пати или три пати поголемо. Затоа, треба да се запрашаме бидејќи во Македонија има региони, општини и фабрики што само создаваат загуби, а не создаваат новосоздадена вредност односно производство кое ќе се пласира квалитетно на домашниот пазар, каде што ќе се супституира увозот, трговскиот дефицит да се намали и да се извезе произведеното на странскиот пазар, за да може да се намали трговскиот дефицит. Јас сум свесен дека тоа не може преку ноќ да се направи, јас сум свесен господа одговорни субјекти во Владата на Република Македонија дека ќе имате оправдување дека со генерации е задолжувана Република Македонија, дека тоа го правел некој друг, трет или четврт, сите се виновни, само оние што во моментот се наоѓаат на власт не се виновни. Но затоа имате голема обврска денес да дадете одговор на повеќе прашања од суштинско значење, не само економски туку и политички, и дали оваа држава ќе опстане со таков амбиент, со таква економија, со такво производство и со таква филозофија на размислување.

Затоа, предлагам на оние што ги предлагаат овие закони, во наредниот период, ако се задолжуваме еден долар да знаеме за една година кој ќе биде придонесот од тој еден долар. Ако се задолжуваме со 15 милиони долари од Меѓународното здружение за развој да го инвестираме во непосредното индустриско производство што ќе произведе производ што ќе го супституира увозот и да го зголемиме извозот, а трговскиот дефицит да го намалиме. Тоа е најголемото и највредно економско начело за поддршка на платниот биланс.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (продолжение)

Тоа е основното начело на основната економија, без разлика дали сме економисти, дали сме инжењери, треба да одиме со таква филозофија на размислување, од еден долар да правиме 20 центи, или половина долар. А со таков начин на задолжување, јас морам да ви кажам искрено се сомневам, не сакам да бидам во право дека ќе има некоја користи државата. Моментално може само некоја не пукнатина туку прснина да се заполни. А во Македонија не се работи за прснини и пукнатини, туку се работи за големи тектонски економски пореметување. што треба во наредниот период овој законодавен дом да и диктира на Владата на Република Македонија без разлика во кој состав е филозофијата на размислување на овој економски план да се размислува.

Господо, одговорни субјекти во Владата на РМ, зборувате за поддршка на платниот биланс. Зошто со такво понижување, и потценување гледате според нас. Поддршка на платниот биланс, како да е тоа апстрактно нешто, како да не знаат луѓето или пак имате овде 70, 80 пратнеици кои ќе гласаат за вас. И јас ќе гласам. Јас реков зошто ќе гласам. Но, сега инсистирам како вие треба да размислувате. Која е таа листа на производи кои ќе се увезуваат, што ќе се поддржат. Јас сакам да знам која е таа листа, дали е тоа производ што македонскиот граѓанин во Македонската национална економија во македонските граници не може да се произведе. Зошто не ја дадете листата, ние мислиме да увеземе тоа и тоа. Со тоа го потценувате сопствениот народ а најмногу вие се потценувате, односно ја признавате вашата неспособност, вашето невизионерско гледање на состојбите кои се актуелни во Република Македонија. Сега ќе кажете ги има, ги има во Владата, ги има во Народна Банка на Македонија.Господине заменик давате воведно излагање барем во воведното излагање да кажевте дека листата на производи е таа.

И на крајот да кажам дека 15 милиони долари се скромни пари, за некои многу за некои малку, но да му дадеме такво значење на овој закон мислам дека не е во ред. Затоа мораме филозофијата на размислување како пратеници и како наши избраници во Владата на РМ, поинаку да размислуваме. Колку фирми се приватизираа, државата собира средства и дали еден долар за унапредување на производството, за намалување на трговскиот дефицит искористивме? Колку фирми продадовте, од тоа не создадовме ниедно ново производство, ниеден долар не го намаливме трговскиот дефицит на РМ. Напротив се зголемува. Мислам дека можеме да се вброиме, или да се приближуваме да сме реформисти, да ги спроведуваме реформите само од еден денар, од една марка, од еден долар, ако после 12 месеци кажеме дека имаме стапка на профитабилност инвестирани во нови производи, или унапредување на производството толку и толку. Ние до ден денес за тоа немаме одговор. Затоа мислам дека само со задолжување на РМ, нема да се спаси оваа држава можеме да ја спасиме само сопствената кожа, сопственото себично гледање додека сме ние на власт. Јас апелирам и на Вас што овде седите и на сите оние што сакаат да седат во овие парламентарни клупи и да бидат заменици, министри, премиери, државници на оваа држава,не можеме да толерираме понатаму таков приод на размислување. Затоа, предлагам конкретно да кажам да ни кажете со ова задолжување Македонија колку е должна. Јас лично знам, ако не знаете ќе ви кажам и кога тие средства ќе се вратат. И треба јавно да кажете како што пишува во Законот, овој кредит ќе го враќа некоја прва, втора генерација во 2012 година и другите задолжувања подоцно.

На крајот да не не сватите дека сум само некој самозаљубен критичар према некоја власт, мојот однос ќе биде и спрема вашата власт и спрема секоја ако така се однесува. Да не го кочам и да не давам некој придонес барем вербален од ваша

страна дека некој се залаг деструктивно во овој парламентарен дом и најмалку како личност Ванчо Чифлиганец, а најмалку би сакал да препишам белег на Партијата на која припаѓам СДСМ дека ги кочам реформите. Напротив, ќе го поддржам законот, но молам да ми се одговори на овие прашања и молам како актуелна власт доколку сте одговорна власт, затоа имам свое мислење, во наредниот период да внимавате со задолжувањата на РМ. И ако се задолжи тие средства да се инвестираат каде што се најпотребни.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г.Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господо пратеници, немам ништо против задолжување на државата ако средствата кои што ќе се добијат да се искористат наменски. Во мене се јавува одредена недоверба за средствата. Ке ги кажам и причините зошто се јавува недоверба.

Со овој Предлог закон кој набрзина треба да се донесе по итна постапка за да се задолжи државата не е добро од следните причини прво, Македонија сега е давеник, давеник која е задолжена до гуша и на човек кој се дави, секој мал товар кој ќе му се додаде се повеќе и повеќе може само да тоне, а многу полесна е веројатноста да излезе на површина. Од тие причини задолжувањето како задолжување не е добро. Лесно е да се земе кредит, лесно е да се задолжи, но некој тие средств треба да ги враќа. А кој ќе ги враќа? Ако поставиме прашање кој ќе ги враќа парите, за колку време треба да ги вратиме, дали тие средства кои треба да се вратат негативно ќе се одразат на целокупниот развој на државата исто така е прашање на кое ќе треба да се одговори.

Ке гласам за, но под еден услов, ако украдените пари г. Љубен Пауновски од 15 милиони марки ги врати, бидејќи државата со задолжување на 15 милиони долари за мене се понижува, тоа е понижување за толку малку средства државата да се задолжува. А кога знаеме дека нашите министри ни помалку ни повеќе, туку крадат по десетина па и повеќе милиони мармки. Од тие причини во овој момент нема да гласам за овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа, јас лично ќе гласам за поддршка на овој закон, иако редицата двоумења што ги изнесе пред се колегата Чифлиганец и јас ги имам. По однос на визијата можам да кажам дека такво нешто со која динамика да се вратат долговите, односно да се симне товарот од идните поколенија, јас немам. А досега еве овде во македонскиот парламент тоа не можев ниту да го слушнам, ниту да го осознаам. Таговно е тоа што од страна на Владата не се нуди стратегија да се расчисти со огромната задолженост. Само во овој период после војна потребно е да се има на ум дека огромни штети се нанесени токму на економијата и дека една цела година скоро нашето стопанство не може да фати никаков ритам, а за чекор пак со конкуренцијата не може ни да стане збор. Час поскоро е нужно да се пристапи кон ефикасно планирање и ефикасно кредитирање на способни субјекти во Република Македонија домашниот производ да се покачи. Ако постојат двојби околу тоа какви стоки би се купиле со кредити, тоа навистина не е убаво да биде прескокнато во Собранието, односно сметам дека овде е нужно од страна на Владата да се изнесе децидно за какви намени станува збор. Ако е намерата овие средства да се употребат за увоз на потрошни добра, на добра кои инаку наши стопански субјекти ги произведуваат веројатно делумно и поквалитетно, делумно пак и поефтино, тогаш навистина нема голем резон да се даде карт бланш за ваков кредит.Јас мислам дека пред да преминеме на гласање потребно е со неколкуте дилеми што тука ги изнесе пред се колегата Чифлиганец да бидат расчистени. Но, во едно сакам да укажам и на тоа дека министрите доколку кај нив имало крадење, тоа се должни самите пратеници да го расчистат, а паушално не можам да тврдам за никого дека крадел.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Звонко Мирчевски.

Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратнеииц, овој кредит кој што на крајот од оваа година се доделува од страна на меѓународното здружение за развој ИДА на РМ, и неговото донесување по итна постапка кое што се предлага од страна на Владата на РМ, во овие тешки моменти кога РМ, е исцрпена од воената криза кое што траеше од февруари до септември и покрај фантастичните резултати кои што беа во минатата година со суфицитот од 460 милиони марки, продажбата на Телекомот, дефицитот до крајот на годинава од 420 милиони марки, ми се чини дека овие средства кои се санираат под овоие услови дека се симболични во однос на сите оние кои што досега ги потрошивме во овие десетина месеци војна во РМ, со падот на бруто општествениот производ, падот на стопанството, дефицитот во трговијата што го остваривме во минатата година и со долгорочните последици кои што ќе се чувствуваат не само ние како пратеници од овој мандат на Собранието, туку веројатно старите долгови кои што се наследени досега и овие долгови кои што сега се задолжува РМ, ќе ги враќаат не само нашите деца, туку можеби и нашите фнуци. Ако се сеќавате во из минатава година ние од Пратеничката група на ВМРО-Вистинска во однос на Буџетот за 2001 година излеговме со многу амандмани во смисла да го подобриме реформскито курс во одреднеи свери и да направиме рестрикција во јавната потрошувачка што беше во склад со реформите кои што беа наша програмска определба во

изборната кампања во 1998 година. Меѓутоа, факт е дека околу 150 амандмани кои што ги предложивме ние со Буџетот, со донесувањето на Буџетот, не беше усвоен ниту еден амандман. Кога се носеше ребалансот на Буџетот исто така. Затоа, ни беа наметнати од страна на меѓународната заедница еден куп услови кои што требаше РМ, да ги заврши, ветувајќи дека кога РМ, ќе го направи тоа дека ќе има невидена економска помош, донаторска конференција, се спомнуваа некои стотици милиони марки и долари, но, до сето тоа не дојде. Единствено од сето тоа што се случи се огромните бројки на сеуште раселени лица околу 50-тина илјади, територијата која што е окупирана, која што сеуште не е реинтегрирана и границите, поготово северната и западната граница на РМ, кои што сеуште ни се како швајцарско сирење. Така што ми се чини условувањето се видс дека на крајот поентата била за секоја голема отстапка што ќе ја направи РМ, и ние како пратеници овде во Собранието да добиваме по едно кафено лажиче некои финансиски средства, горчлив лек за македонското стопанство. Ми се чини дека пред неколку години исто така од истото ова здружение РМ, доби некои 60-тина милиони долари и тоа без никакви условувања. Сега сведоци сме дека ние бевме изложени на жесток притисок со воени дејствија кои што се закануваа да се преселат на теријторијата на целата земја, да го измениме уставниот поредок во нашата држава, во ситуација кога имаше воени дејствија, да си го уништиме стопанството, да потрошиме, да не истошти таа воена криза и на крајот на краиштата да мораме со едно ново задолжување по макар и вакви поволни услови како што се нудат од меѓународното здружение да го сметаме дека е нешто добро што РМ,што би значело спас за гладната РМ. Јас да ви кажам дека овие 15 милиони долари се навредливи и го толкувам лично како аналогно на еден леб, а два милиони гладни македонци. Затоа сметам дека се навредливи овие средства и мислам дека сето она конструктивно што во изминатиов период од потпишувањето на Рамковниот договор во Охрид, усвојувањето на Предлог амандманите во Собранието во сите фази во услови кога не беа исполнети услови за да се пристапи и да се прифати иницијативата за сменување на Уставот, денеска не донесе во една подредена состојба да ние сега треба на некои си 15 милиони долари да се радуваме и да заборавиме за миг за слатките маки при делењето на средствата од суфицитот на буџетот во 2001 година кога премиерот просто не знаеше како да ги раздели тие средства. Исто така, слатки маки беа кога се распределуваа средствата од телекомот, меѓутоа најтешка мака во сето ова е кога еден ден ќе се тргне пајажината од нашите очи, ќе се разбудиме со уништено стопанство, со нови колони на стечајци и невработени со социјални штрајкови кои што ќе ја блокираат цела Република. Затоа јас мислам дека едно вакво задолжување е само една симптоматска терапија за болеста од која што страда Република Македонија од неизвршените реформи во системот. Исто така, би сакал да додадам дека ако Република Мкаедонија, односно министерството за финансии во изминативе две или три години ако подобро ги собираше даноците во Република Македонија на територијата на цела Република Македонија дека сега ќе имавме значително пополна каса. Така што немаше потреба сега од нашите стопанственици под притисок на кривични пријави да изнудуваме средства во оваа ситуација во која што знаеме дека е многу тешко да се стопанисува, многу е тешко да се подмират обврските спрема државата, многу е потешко да се зачуваат партнерите во странство, да се најдат инвеститори кои што ќе инвестираат во нашето стопанство. Имаме незадоволство спрема средствата кои што од страна на меѓународното здружение за развој се даваат, иако 15 милиони долари по Проектот за итна економска обнова може би нешто минимално значат во овој момент за Република Македонија. Но, пратнеичката група на ВМРО-Вистинска нема да го поддржи овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Љубисав Иванов Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:**

И покрај тоа што не се рабори за големи средства, ние имаме еден заклучок на Собранието секојпат кога се задолжува Македонија спрема странство во исто време да се доставува и колку е задолжувањето направено досега. Јас ќе молам еден таков заклучок понатаму да се почитува за да ние како пратеници кои сме најодговорни за стабилноста на оваа држава можеме да донесуваме со чиста совест вакви одлуки.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ**: (Продолжение)

Кога веќе се задолжуваме кон странство, тоа не смееме да го правиме средствата да се користат за општата потрошувачка. Крајно време е сите напори да Се вложат и да се стекне сознание и да се формира таква свест дека најголемите проблеми во оваа земја, од која произлегуваат сите кризи и политички и безбедносни и социјални, е економијата. Според тоа, ако тоа е така, а така е, ако тоа целиот свет го зна8 и таму економијата и економските интереси се на прв план, ние треба и тука да започнеме со вложување и развојот на економијата и со решавање на најгорливите прашања, а тоа е вработувањето. Ако ја достигнавме ставката од 40% невработени, каде што избивме на водечко место во земјите во транзиции и развој, тогаш ситуацијата е повеќе од алармантна и треба со една умна политика, политика кој а ќе почива на една програма да го започнеме процесот на економска обнова.

Тука се зборува за 15 милиони долари. Јас мислам дека покрај тие 15 милиони долари кои би се ставиле во функција во

развојот на економијата, ќе можат уште да се мобилизираат од субјектите, стопанските организации и банките уште 15 милиони, тоа се 60 милиони долари или тоа е еднакво на 120 милиони марки. Потпирајќи се на моето искуство и на тоа што сум изградил безброј инвестициони објекти, со овие средства вложени во лесната индустрија ние можеме да вработиме 40 илјади невработени. Сега, замислете едно такво движење, такви вложувања во тој поглед да успееме за 10% да го намалиме вработувањето со едни мали пари, тоа е голем чекор во Македонија. А имајќи предвид дека повеќе од 200 милиони се трошат средства за социјални случаи, а социјалните случаи главно доаѓаат од сверата на невработени, сега треба со буџетот да се направи повторно иницијална каписла во овој правец, што само може да донесе големи ефекти.

Според тоа не сум најопасна е најнепотреба е, најнекорисно е овие средства да се употребат за увоз затоа што ние практични стимулираме туѓо производство, туѓа економија, а сопствената ја уништуваме

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Сосема накусо, ценејќи ја состојбата во која се наоѓаме, јас лично и колегите од независната пратеничка група ќе го поддржиме задолжувањето кое што е предлложено со законот за задолжување.

Меѓутоа, сакам да ја искористам приликата, а претходниот дискутант ми даде шлакфорт да укажам дека е во рамките на темата дека како држава, односно Влада на Република Македонија, па и сите други институции и организации, кога се работи со т.н. меѓународна заедница треба да се обиде да работи и на проблемот на отпишување на долговите кои ги има Република Македонија, користејќик ги аргументите Дека оваа економска и социјална состојба во која се наоѓа Републиката не е заради внатрешните состојби, туку знаеме дека кризата во регионот е причина да се прелее кризата и во Република Македонија. Исто така, на таа т.н. меѓународна заедница и е добро познато дека во претходниот период Република Македонија имаше најпозитивен придонес во разрешувањето на другите кризи во регионот.

Со оглед на тоа, апелирам до Владата на Република Македонија, до сите други организации, а еве поттикнувам иницијатива и Собранието во таа смисла да размисли за формата, дали ќе донесеме некоја декларација или некој документ, да се бара од меѓународната зедница и клучните фактори во тие отпишување на две третини од долгот на Република Македонија, како што тоа впрочем го сторија и некои други соседни земји кои беа инволвирани во кризата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор заменикот министер за финансии г. Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Би сакал едно мало појаснување и една кратка информација да дадам.

Овој кредит и потребен за покривање на финансискиот јаз во платниот биланс, кој според проекциите на ММФ изнесува 42 милиони долари за 2001 година односно 173 милиони долари за 2001 и 2002 година.

Исто така, сакам да напомнам дека овој кредит од 15 милиони долари ќе биде придружуван со донација од 25 милиони долари од Владата на Кралството Холандија, што значи вкупно 40 милиони долари.

Исто така, сакам да напомнам дека не се работи за нов увоз, но ова веќе значи регресивно финансирање, бидејќи веќе е извршен увоз и ова би значело незадолжување односно ненамалување на девизните резерви на Република Македонија.

На неколку пати беше спомнат долгот на Република Македонија спрема странство. Задолженоста, односно долгот на Република Македонија кон странство во секое време може да се види на веб страницата на Министерството за финансии или во Билтенот на Министерството за финансии кој го издава секој месец. Според податоците што ги имам, на 30.09 оваа година надворешниот долг на Република Македонија, врз основа на долгорочни и среднорочни кредити на крајот на септември 2001 бележи пад од 14,6 милиони долари или 1% во однос на состојбата на долгот на крајот од 2000 година и како што реков на 30.09 оваа година достасува 1.413,000,000 долари или тоа би било 39,1% од бруто домашниот производ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги, би сакал да го истакнам следново.

Прво, во образложението за причините поради кои треба да се донесе законот пишува дека овој кредит е прва реакција во серијата активности на меѓународната заедница за кружење на финансиска помош на Република Македонија, а после во целиот текст на законот да стане јасно дека не се работи за помош туку се работи за кредит. Ние како Собрание мора да ги разграничиме, како што и заменикот министер сега разграничи кои средства на Македонија и се даваат како помош, во основа тоа се донации, а кои средства се даваата во вид на кредит. Кредитот колку и да има поволни услови, тој тешко ќе можеме како Собрание да го квалификуваме како помош на Република Македонија.

Јас би сакал да кажам ако Владата планира ваква серија на финансиска помош за Република Македонија по повод кризата што ни се случува подобро да не ја планира.

Дел од размислувањата на пратениците ги поддржувам во врска со резервите кои ги истакнаа во врска со овој закон затоа што сум свесен дека и покрај тоа што во овој Парламент 10 години се водат дебати околу ваквиот начин на финансирање на потребите на државата, ние во суштина немаме, ниту оваа Влада ниту досегашните влади имале сериозен план за справување со надворешниот долг и со финансирање на потребите за потрошувачка на државата и без разлика дали ни се случува криза или не, ние всушност ке сакаме зад настаните во врска со финансирањето.

Сакам да го истакнам и следното. Не постои влада на светот која нема да прифати ваков кредит, не постои влада на светот на која ќе и дадете кредит кој нема камата, на кој плаќа само провизија на неповлечените и на повлечените средства од 0,5 и 0,75%, а едновремено им давате 10 Грејс период. Секоја влада, вклучувајќи ја и нашата влада, е свесна дека земањето кредит на 20 години со 10 години Грејс период ја растоварува не само оваа влада туку и трите наредни влади со полн мандат и почнува да ја оптоварува дури четвртата влада, што е премногу долг рок.

Јас апсолутно мислам Дека нашата влада Се повикува по принципот дека 15 милиони долари сега ќе ни бидат нам добредојдени, тие нема да бидат товар ниту на идната влада ако повторно ја формира, па и на втората, третата, дури кај четвртата влада и мислам Дека после десетина година ќе има проблем тој кој што во тој момент ќе се соочува со финансирањето на државата. Само да потсетам, исти вакви дискусии што се водени во овој Парламент 1992, 1993, 1994 година беше соопштувано од страна на тогашните ресорни министри и влади дека имаме добар Грејс период и дека тие проблеми кога ќе дојдат за отплата ќе бидат поинакви, но сега доаѓаат тие кредити за отплата. Во овој закон, меѓу другото, пишува дека долумно ќе оди во таа насока овој кредит, што значи да Не мислиме дека и тие 10 години дека ќе ги заборавиме, туку еден ден ден овој Парламент повторно ќе се соочи со истиот проблем.

Нашата пратеничка група ќе го поддржи овој закон заради тоа што Владата Не уверува дека тоа е потребно. Меѓутоа, исто така, сакам да потсетиме дека нашата пратеничка група пред 4 Месеци, кога министорот за финансии ни понуди Ребаланс на буџетот со единствена цел буџетски да Се зафатат парите од продажбата на Телеком, околу 140 милиони марки за 2001 година и со обврски и со обврски по истите проекти уште Седумдесетина милиони марки за 2002 година, упативме на фактот Дека во ова време на Република Македонија и на Владата на Република Македонија Ќе и биде подобро да Не влегува во проекти во какви што влезе во тој момент со средствата од телеком, затоа што тие пари можат да и дојдат како корисни и добредојдени за Некои други проекти. Се разбира, Владата Не го прифати тоа, тие пари ги насочи во канализации, станови, зелени пазари, Зелени паркови, патишта, патчиња, тротоарчиња и тн, и Сега Се испоставува Дека 15 милиони долари ни Се добредојдени како кредит за да Се справиме со неопходниот увоз на стоки.

Заменикот минислгер ни соопшти Дека средствата Ќе одат за Веќе увезена количина на стоки во Република Македонија.

Би замолил заменикот министер за финансии она што пишува на првата страница од дописот на проектот да не информира која е таа позитивна листа за увоз на стоки, која во себе вклучува стоки и производи кои се идентификуваат како неопходни за програма за итна економска обнова на Република Македонија. Јас отсекогаш сум го замислувал Парламентот како место каде што кога се донесува закон за 15 милиони долари, а во член 2 е опишано дека условите и начинот за користењето на кредитот за овој закон се утврдуваат со договор по проектот за кредит за итна економска обнова, што ќе го склучи Македонија се меѓународното здружение за развој. Отсекогаш сум мислел дека за овој кредит договорот треба да биде составен, и ако во него има анекси со позитивни листи на стоки кои треба да се увезат, дека анексите треба да Се доставата на пратениците. Инаку вака се разбира дека сите ние ќе можеме само да претпоставуваме и да веруваме на убави очи на Владата дека нејзините оценки ќе ги прифаќаме безрезервно, дека се такви какви што се, а од друга страна Уставот не ја овластил Владата туку го овластил Парламентот за да се задолжи државата финансиски во странство и со последици после тоа, да создава буџетски обврски кон сите наредни буџети во наредните 20 години, колку што ќе трае отплатата на овој заем што се добива со овој закон.

Второ, би сакал заменикот министер за финансии да ни даде уште едно образложение, покрај образложениeто која е таа листа на стоки што се идентификувани како неопходни за програмата за итна економска обнова, затоа што во описот на проектот стои дека со овие средства "воедно ќе се поддржат и макроекономските цели со обезбедување на финансиски средства неопходни за Буџетот на Република Македонија". Со оглед дека ни беше кажано само за увоз на стоки со листа која веќе е исцрпена, јас би замолил да се соопшти листата и да се образложи што значи ова, кога веќе не ни се даваат проектите и мораме вака

да се распрашуваме, наместо да ги прочитаме и да знаеме што се случува. Имено, колку од ите финансиски средства се неопходни за Буџетот на Република Македонија или она што го кажа колегата Љубисав Иванов Ѕинго, ќе одат во општата потрошувачка во приходната страна на Буџетот, да имаме некакви елементарни образложенија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор заменикот министер за финансии Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Средствата од кредитот за итна економска обнова, како што реков, се наменети за платно билансната поддршка, односно за финансирање на платниот биланс преку делумно финансирање на трговскиот дефицит на Република Македонија, остварен во 2001 година. Постапката на повлекување на средствата од кредитот е следнава.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ**: (Продолжение)

Врз основа на копиите од единствениот царински документ за увоз кои Народна банка на Република Македонија треба да ги анализира и достави до Светската банка се аплицира за повлекување на средства од кредитот со кои ретроактивно ќе се финансира остварениот увоз од претходниот период. Според одредбите од Договорот за кредит ова значи дека не може директно да се финансира увозот во идниот период. Одредбите од договорот ја дефинираат постапката со која се опфаќа вкупниот увоз кој го реализирале сите јавни и приватни претпријатија и институции во Република Македоднија во претходниот период, но во предвид за ретроактивно финансирање се селектираат само оние царински декларации по кои се увезени производи кои се наоѓаат на позитивната листа на производи утврдени од страна на Светската банка. А позитивната листа на увезени производи кои можат да бидат ретроактивно финансирани со средства од кредитот на Светската банка се: градежни материјали, копнени и водени превозни средства, семиња, вештачки ѓубрива, земјоделска опрема, резервни делови и суровини, медицински репро материјали и опрема, бензин, нафтени деривати и јаглен, градежна опрема и индустриски маинерии и резервни делови, суровини и полупроизводи за индустријата и услугите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас нема да го подржам овој закон, барем досега нема аргументација што наведува на тоа дека треба да се подржи овој проект предложен од Владата по итна постапка од следниве причини.

Прво ако се гледа внимателно самиот предлог проект има во себе неколку контрадикторности, а тоа се следните. Прво, не е јасна покрај ваквата расправа не е јасна целта за која се предлага овој закон, целта за ново задолжување на Република Македонија, а тоа е следното. Од точката еден во причините поради кои треба да се донесе овој закон, се вели дека Меѓународното здружение за развој средствата од кредитот ги додели со цел да се обезбеди брза ликвидна подршка на платниот биланс на Република Макеоднија заради ублажување на драстично намалените приходи од извоз и намалените приходи од странски дирекни инвестиции како последица од терористичките напади во Република Макеоднија. Понатаму под римско V , причини за донесување на законот по итна постапка предлагачот вели, првата транша ни е потребно итно да се реализира со цел делумно покривање на минусното салдо во платниот биланс со што треба да се овозможи редовно сервисирање на обврските и да се избегнат отстапувањата во спроведување на стабилна макроекономска и монетарна политика. За да членот 1 од Законот на гласен и на двосмислен начин каже дека еквивалентот од 15 милиони американски долари ќе биде наменет за подршка на платниот биланс на Република Македонија.

Сето досега кажано во овие три дела и во нормата од членот 1 зборува дека овој закон се носи всушност како што викаат економистите и финансиерите , да се репрограмираат обврските на РМ достасаните, доспеаните обврски кои РМ заради диспропорција во платниот биланс во тековниот период за 2001 година не е во состојба тоа да го прави на редовен начин, туку доверителите, еве прискокнуваат така да кажам со нови средства за плаќање на стари долгови кои стари долгови сме требале да ги сработиме во тековниов период да ги квантифицираме во вредност на девизна структура и на тој начин да ги исплатиме. Ние тоа не сме го направиле како Влада, не сме го направиле како држава и сега посегнуваме по бајпас нов од доверителите и викаме: дајте ни пари да ги платиме стасаните обврски. И кажуваме дека со тие средства од 2012 година , а во законот тоа го кажуваме дека ќе ги обезбедиме од Буџетот на Република Македнија, значи ги задолжуваме идните даночни обврзници граѓаните во РМ тоа да го прават во еден иден период по 10 години, затоа што нас на не бива во овој момент тоа да го направиме. Или да скратам, сопствените гомнарии ги одложуваме да ги мие некој по една деценија.

Во образложението по законот има веќе нова ситуација . Вели дека повелкувањето на средствата од првата бранша од кредитот треба да се изврши итно поради фактот што овиа средства ќе се искористат за делумно покривање на дел од финансискиот јаз во платниот биланс. Го потенцирам тоа, за делумно покривање. Значи, јазот кој постои во платниот биланс поради нашата накадарност.

ние делумно го покриваме со овој проект, а за да се покрие целосно, или всушност да го нама тој јаз ќе треба да се прават дополнителни напори и како што најавува , како што сватив во два наврати г-динот заменик министер , дека тоа ќе се направи со донации, конкретно посочи една земја Кралството Холандија и т.н. и дека е ова услов за тоа. А за во описот на проектот на последната страна да ги дефинира веќе сега коментираните две цели. Кредитот бил одобрен на 13 декември од Бордот на извршните директоти на Светската банка во форма на итно финансирање под 1) на увоз на добра и стоки кои се наоѓаат на позитивна листа за увоз која во себе вклучува стоки и производи кои се идентификувани како неопходни за програмата за итна економска обнова, за која нешто зборуваше заменикот министер. И второ повторно потанцира по трет пат, по чатврти пат воедно и да са подржат и макроекономските цели со обезбедување на финансиски средства неопходни за Буџетот на Република Македонија. проектот е сосема јасен. Не е јасна леснотијата преку која се преоѓа во овој Парламент вов рска со ваквите проекти за Република Макеоднија. Но, прашањето виси целосно колку што е големо. До кога вака со Република Македонија, до кога пратурање од празен во скинат џаб и до кога задолжување на наредните генерации, не само некој што рече децата, внуците и правнуцита во РМ? Или да повторам г-дина потпретседателе има ли крај на нашита заеднички гомнарии?

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Можеби дел од дискусијата , одговорот на заменикот министер што го даде на некој начин коректно, умерено реплицираше , одговори колегата пратеник координаторот на СДСМ Никола Поповски. Но, уште еднаш сакам да ја потенцирам несериозноста на Владата на РМ, или го сваќам потценување на пратениците со самото образложение при предлагањето на законот по итна постапка во описот на проектот, сега слушнавме после нашето барање да има образложение, заменикот минситер рече дека тоа е подршка на платниот биланс, односно регресивно на увезената стока. Тоа е крајно некоректно од вас господо што седите во Владата на Република Македнија, затоа што во писменото образложение зборувате за листата на производи за кои ќе се врши увоз е усогласена , значи, ќе се врши, а не се извршило. Минато и идно време се разликуваат дијаметрално. Наместо да одиш спрема Белград, одиш спрема Атина, наместо да се качиме сите граѓани да се водиме со авион, а не со магарешки и коњски коли, или со десетгодишни коли, ние одиме под земјата. Тоа е разлика господо , ако вие сакате сопствените пратеници кои на белото викаат црно, на црното, бело, не можете мене лично да ме убедите во тоа. Понатаму , подржуваме иден увоз. Вие не објаснивте на почетокот дека 25 милиони долари тие донации од Кралството Холандија ќе ги добие Македонија. Зошто тоа не го кажете. Дали е регресивно или наредниот иден увоз, ние ќе ги решаваме дубиозите. Значи ние тапкаме во место, да не кажам одиме назад, ништо пак не правиме на планот на реформтие, односно еден од дискутантите рече и јас тоа што го потенцирав да го намалиме трговскиот дефицит, односно од тие 350 илјади невработени лица еден по еден, не викам стотина илјади, десет, дваесет, триесет, четириесет илјади да ги вработуваме. Затоа што се поставува основното прашање пред сите граѓани на РМ и опстанокот на државата е основната егзистенција на секој граѓанин да има една минимална плата од 300, 400, 500, или за некои 1000, или илади марки. Ние си дозволуваме решавајки ги дубијозите на овој начин некој да се богати на сметка на тоа. Не заборавајте и овде не правите селекција , односно не е правена селекција ,сега се ставам во одговрна улога. Вие најдобро знаете, тука е и директорот на РЕК Битола колку експлоатираме јаглен, колку произведуваме електрична енергија, колку трошиме во РМ, колку ја троши нашиот сопствен макеоднски капитал, колку ја троши странскиот капитал, по која цена, кога плаќаат, колку плаќаат во компензации, а увезуваем електрична енергија по повисоки цени. Јас ве прашувам. дали овој кредит не е за такви слични зделки увоз - извоз и т.н. Тоа е само еден класичен пример што можам да елаборирам ,повеќе во друга прилика, сега не е тоа тема . Мислам дека треба со еден поголем респект спрема функциите и одговорноста која ја имате, респект спрема овој Парламент и спрема граѓаните со аргументи да настапуваме. Вие објаснувајте таму како сакате, но пред аргументите и боговите молчат. Тоа е речено и ако може некој тоа да го реализира , секоја чест, а денеска може и тоа да се направи.

Сега размислувам дали треба со една таква аргументација, со еден такво приод, со едно такво подметнување, дали треба да подржам таков закон. Но, поѓајки од она што го реков и во мојата дискусија, тоа ќе го направам . Јас сум се бавел , во номенклатурата нема, со таа практична индустриска економија. Зошто не замислете тие 15 милиони долари, донацијата 25 милиони долари, 40 милиони долари дирекно да се инвестираат во ново производство во унапредување на производството дали еден долар ќе се оплоди на 1,2, или 1,5, или 2 долара. Тоа за мене е реформски чекор, реформски приод и со аплаудирање тоа ќе го прифатиме и нема дијаметрално да се разликуваме во нашите приоди. Да вработиме со тие 25, или 100 или слушам 300 милиони марки сме имале донација во последните 2 години, да вработевме , за ново производство или за зголемвуање на производството, 10, 20, 30 илјади луѓе. Да ми кажете господо што го продадовме ние Бучим за 3 милиони и 700 илјади марки, со тие пари во Радовиш ќе се зголемеше вработувањето за 50,

100, 200 туку напротив се намали вработувањето за 100, 200. И сега треба јас да бидам овде мирен во овој парламентарен дом, да речам, секоја чест, вие реформски размислувате за граѓаните на Реппублика Македонија. Ќе ви кажам, не размислувате рефромски. Ако сакате културно да ви кажам дипломатски, дали ни е толку капацитетот? Се работи за незнаење, за неумешност, за неспособност. Затоа јас пвоеќе пати потенцирав да разговараме за актуелната економска состојба на РМ. Дали знаеме ние тие милијарда и нешто долари, милијарда и 400, а јас ќе ви кажам податок од министерот за финансии пред три месеци кога даде, бројката е зголемена. Но , се согласувам, дали е плус, минус 50 милиони долари, тоа е крупна цифра, но во овој момент кога е милијарда и 500 милиони долари задолжена РМ , тие не се битни . Тие задолжувања на РМ ние можевме во најкризните моменти дали беше при отцепувањето на РМ, дали беше при НАТО агресијата интервенцијата на Југославија, дали беше во овој момент, ние можевме да ги поткупиме за 20, 30%, ако не сите , да ги преполовиме , да кажеме Телеком го продадовме за пола милијарда марки, го откупивме долгот и Македонија почнува од некоја златна нула тоа не го направивме. Ние го продадовме нашето стопанство во кое сме инвестирале , за кое сме задолжени, сто посто сме задолжени со камати, ги продадовме за 5% од нивната вредност. Вие тоа најдобро го знаете.

Затоа барам од вас господо одговорни субјекти, реков дури сега размислувам како ќе гласам, но ќе гласам за. Кога настапувате пред овој највисок законодавен дом многу поодговорно , многу по респектирачки и многу по загрижувачки каде ќе се инвестираат овие милиони долари и дали пвоеќе , или помалку , или воопшто нема да се враќаат и која генерација дали 2010, 2020, 2030 година.Затоа г-дине заменик покрај вашето образложување, вашето залагање, барам во наредниот период било кој министер , заменик или помошник да настапува малку по одговорно пред нас овде пратениците.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Има збор г-динот Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувнаи претставници на Министерството, што се однесува до Предлог законот за задолжување на РМ овде од страна на пратениците беа искажани позитивни и негативни работи околу овој Предлог закон. Јас мислам дека ваквиот закон треба да се подржи , бидејки подобро е да се задолжи Владата и државата отколку да се труди Владата да донесе закони за оданочување на граѓаните и така стегнатиот каиш да се стегне уште повеќе. Ние имаме искуство во нашата држава се носат разноврсни закони околу даноците и другите работи. Јас мислам дека секое задолжување на државата и на Владата би било во корист на државата и во корист на граѓанството. Инаку ако вакви кредити ни се даваат, јас мислам дека треба државата да се задолжи, дека државата сега не е моќна за да може без кредити да ги реши своите проблеми кои ги има. Па затоа јас мислам дека ваквите кредите треба Собранието да ги прифати кога ќе се доставуваат таквите предлог закони пред Собранието. Ние знаеме, свесни сме дека државата се задолжува, но нема да се оптоваруваат граѓаните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господине Никола Поповски Ве молам користете го правото на говор, а не да се повторувате.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, јас го користам правото по Деловникот и ако сакам можам претпоставувам да се јавам десет пати. Јас се трудам да бидам концизен, меѓутоа слушнавме од претставничкото на Владата дека за увозот на стоки од позитивната листа практично е вклучено малтене се што се увезува во Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Дека таа листа е договорена со Светската банка не е проблем, меѓутоа,е толку широка, што овој кредит ќе овозможи на Владата да води политика да покрие било чиј увоз, како што кажа заменикот, на приватно или јавно претпријатие извршен во минатиот период, а што не успеале да го затворат со плаќање кон странство. Тоа се зборови кои малку ме загрижуваат мене лично да кажам, затоа што, на пример, се спомна меѓутоа, вие сега можете да ми забележите зошто по втор пат се јавуваме. Ќе се јавуваме и по десет пати, се додека еднаш Владата не научи на Собранието да му достави договор склучен врз основа на кој ние треба да донесеме закон за задолжување на Република Македонија. Се додека тука ги дознаваме вака од волјата на тие кои ја претставуваат

Владата, детал по детал на секое наредно прашање, ние ќе мораме да се вклучуваме во таква дебата.

На пример, се спомна индустриски машини. Дали тоа значи дека Република Македонија се задолжува сега со кредит кај ИДА, а дека Владата на Република Македонија во својата политика може да пронајде фирма, која увезла машини, индустриски машини и од овие средства да им го даде кредитот, тие да го повлечат и да почнат *со* плаќање по 10 години, а ако не го отплатат, тогаш ние како гарант Буџетот ќе го отплатиме сигурно после 10 години. Значи , не знам каква врска има ова што пишува во причините и во образложението, покривање на проблемите кои произлегуваат од кризата и тн., кога се работи за редовни деловни активности,

кои можат да се најдат во таквиот извештај од министерството за финансии. Мислам дека господинот Иванов, сепак беше во право, меѓутоа, она на што не добивме одговор или јас би сакал да го добијам одговорот пред да пристапам кон гласањето е на вториот дел од прашањето. Покрај, која е таа позитивна листа за увоз на стоки, колку од овој кредит ќе се обезбедат цитирам "за финансиски средства неопходни за Буџетот на Република Македонија". Дали во кредитот има средства кои *ќе* се насочат во Буџетот на Република Македонија или нема средства кои ќе се насочат во Буџетот на Република Македонија. Затоа што, на пример, јас сум еден вид на противник на вакво насочување на средства во Буџетот на Република Македонија, кој по сила на Законот на 31.12. ќе се затвори, а како што кажа колегата Наќе Стојановски, даночните обврзници од 10 години после грејс периодот, ќе бидат на товар на таквата потрошувачка.

Навистина, практично, не можеме да согледаме една конзистентна политика во јавната потрошувачка на Владата, во распределбата на средствата кои ги добива по разни основи и кои ги троши по разни основи. На пример, ние го спомнавме Телекомот, од кои огромни средства беа, меѓу другото, со Светската банка и со ММФ договорени или со едниот од нив и за поддршка на платниот биланс. Еве начин, еве можност да се активираат дел од тие средства на посебната сметка што лежат во Народна банка, за да се затвори платниот биланс, или во овој момент трговскиот биланс, наместо со задолжување. На пример, министрите на оваа Влада катадневно ги слушаме на телевизија ама бесомучно како продаваат се што постои во Република Македонија на 10, на 20, на 30 години, добиваат средства за тоа, договараат, претпоставувам јас провизии за себе, затоа што брујат новините за таа работа, не само што продаваат материјални добра, туку продаваат концесии и на услуги, кои воопшто оваа Влада не може да ги контролира на толку долг период. На пример, пред три дена го слушаме министерот Балковски за транспорт и врски како преговара со Канадските пошти, не на пет, не на 10, не на 15 години, на 20 години концесија на поштата и на поштанските услуги во Република Македонија. Без да излезе елементарно пред Собранието да ни соопшти, која е филозофијата на оваа Влада за развој на поштата и поштенските услуги во Македонија во идните 20 години. Сака да земе концесија, да ја земе Владата каде ќе влезе таа концесија. Еве, концесијата влезе сега од кабловските телевизии. Концесија од втор мобилен оператор на ОТЕ и тоа 20 и кусур милиони. Ајде, да насочиме дел од тие концесии за потребите на државата. Тие концесии никаде ги нема. Сега, се преговара за концесија за идните 20 години. Па, оваа Влада, јас сериозно се прашувам, дали има политички легитимитет и дали воопшто има објективен општествен легитимитет, кога би имала таков политички легитимитет, на крајот од својот мандат да ја продаде поштата и сите концесии на поштенските услуги во идните 20 години на Република Македонија на Канадската пошта. Па, ние во оваа држава ако продолжиме ваке само Владата ќе ни остане државна институција. Самата Влада, пошто сите други државни и јавни институции ќе ги концесионира на странски компании. Парите од тоа не ги гледаме, само кредити. Колегата Наќе Стојановски има право. Толку општествен имот, толку концесии Владата даде, а тие пари никаде не можеме да ги видиме. Ние и понатаму се задолжуваме со поголемо темпо, отколку пред да се продаваат тие општествени имоти и концесии, Значи, приливот на средства ни е огромен, расходите уште поголеми, што мора да продолжуваме со политика на вакво задолжување, кое оневозможува да се сервисира од тие концесии.

Навистина, сметам дека Владата треба да излезе малку пред Парламентот со некаква визија што смета во таа насока. Овде е сега Министерството за финансии и секој ден некој нов министер си се појавува со некакви свои концесии на 10, на 20, на 30 години. Очекувам, евентуално, на крајот од мандатот господинот Георгиевски да потпише договор со некој странец за концесија на управување со Владата во идните 20 години и да ги укинеме изборите во Република Македонија. Да го даде на концесиај и управувањето, се живо се даде на концесија, парите ги нема.

На концесија сега се даваат, практично, без никаква потреба, очигледно е, даночните приходи на Република Македонија од по 10 години. Уште од сега сме ги дале на концесија на некого, затоа што ќе треба да ги враќаме за работи што ќе ги потрошиме во моментов. Со ваква листа каква што се прочита, што опфаќа 90% од увозот, што нема никаков приоритет, со листа која опфаќа приватни претпријатија кои не се соопштуваат, јас на пример, би сакал ние да ја задолжиме Народна банка и Владата на Република Македонија, кога ќе се реализира овој кредит преку Народната банка, да видиме кои се тие приватни претпријатија што ги добиваат тие кредити под вакви услови и за што ги потрошиле. Дали се тоа за работи кои произлегуваат од кризата или се за работи за нивно тековно работење и нивни профити кои немаат ама баш никаква врска со државните институции, барем не никаква дирекна врска со кризата во овој момент.

Затоа, се согласувам со најголем дел од пратениците кои се малку сомничави кон вака недообјаснети проекти, а конкретно би сакал да слушнам, по втор пат прашувам, или по трет пат, кој дел од средст-вата ќе бидат наменети, цитирам "за обезбедување на финансиски сред-ства неопходни за Буџетот на Република Македонија". Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благорам.

Господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници!

Би сакал да се произнесам по предложениот закон и да кажам одредени забелешки и сопствено *миспење*[1]на Партијата на Нова демократија

мислењето.

Најнапред околу забелешката на господинот Никола Поповски и барањето на

увид договор потпишан, за да ги провериме условите, што е потпишано, а што овде се нуди од страна на Владата на Република Македонија. Според Законот за кредитни односи со странство, "Службен весник на Република Македонија број 31/93", Република Македонија склучува Договор за кредитни односи со странство врз основа на Закон што се донесува за секоја кредитна линија посебно". Мислам дека ние немаме право и толкава недоверба да искажуваме, не на оваа Влада, на било која Влада кога станува збор за една кредитна линија, која што навистина нуди поволни услови. Условите на овој кредит се следните. Бескаматен кредит со рок на отплата од 20 години и грејс период од 10 години.

Почитувана господо, дали постои една држава која што нема да посака ваков кредит и која што нема да се задолжи со ваков кредит. За вашите забелешки кои што ги поднесовте сега за кредитот односно за користешето на кредитот, тоа е веќе нешто друго. Можеме овде како пратеници и сите парламентарни групи да бараме од Владата на Република Македонија во идниот период за користењето на овие средства, дали тие ќе се искористат правилно или не, меѓутоа, за дискутирање дали овој кредит е прифатлив или не е прифатлив, јас мислам дека воопшто не треба да размислуваме.

Задолжувањата на идните генерации, почитувана господо, стопанството на Република Македонија веќе подолго време се наоѓа во исклучително тршка состојба. Нам ни се потребни обртни средства за раздвижување на истото, односно покренување и рестартирање на запрените стопански капацитети.

Да не должам многу, овој понуден договор од страна на Владата на Република Македонија, пратеничката група на Нова демократија ќе го поддржи, а искрено се надевам дека средствата добиени со овој кредит ќе бидат наменски користени.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Дали некој друг бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 2 по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот за финансии господинот Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Констатирам дека амандманот е составен дел на предложениот

закон.

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, јас по четврти пат го поставувам истото прашање и ако Владата не сака да одговори, тогаш би било добро да ни соопшти дека не сака да одговори и нема да го поставам по петти пат. Кој дел од кредитот ќе се користи за обезбедување на финансиски средства неопходни за Буџетот на Република Македонија, надвор од листата, позитивната листа за увоз на веќе остварениот увоз во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа е во општиот дел. Сега, овде расправаме за материјалниот дел, што се однесува ова ваше прашање за материјалниот дел?

Господине Никола Поповски, ова е посебен дел, односно материјалниот дел, кажете ни што во однос на Законот сега овде треба да се одговори.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Стојановски, верувајте ми дека подобро ги знам правилата на овој Парламент од вас. Секој ден се соочуваме со погрешно толкување на правилата од ваша страна и јас добро ги знам правилата. Ние, сеуште не сме пристапиле кон изјаснување за законот, гласање за законот уште не сме пристапиле. За да можам јас да се одлучам како ќе гласам по законот, барам информација од Владата. Владата, констатирам во овој момент, дека не сака да ги даде информациите и затоа јас ќе глсам по овој закон воздржано, затоа што немам доволно информации, за да можам да одлучам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ниту имам намера да ви одговорам, ниту да ве фалам дека многу знаете. Меѓутоа, разлика меѓу општ и посебен дел разбирам што е. Вие тоа не го разбирате, колега! Друг проблем нема. Молам, ако сакате повелете одговорете, но

ова е надвор од посебниот дел. Каков недостаток најдовте на законот, што не чини, неговиот состав, тоа е материјален дел.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Зошто отворивте расправа ако никој нема право на збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете господине заменик министре.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Во основа се работи за многу комплексен кредитен инструмент и сложена постапка за повлекување на финансиски средства, кои ги применува Светската банка, а со кои се финансира платниот биланс, односно дефицитетот на трговскиот биланс. Но, на посреден начин преку финансирање на екстерната сметка на Буџетот на Република Македонија на овој начин, наместо да се ангажираат девизни резерви на Владата на Република Македонија за сервисирање на обврските кон странските кредитори, што ќе доведе до намалување на девизните резерви и ќе предизвика воведување на мерки на рестриктивност во надворешниот платен промет, кои можат да имаат негативни консеквенции кон економските субјекти и целокупната економија. Со овој инструмент се создава доволно простор Народната банка на Република Македонија да интервенира на девизниот пазар, за да не дојде до негово пореметување и во крајна инстанца да се задржи стабилноста на девизниот курс на денарот.

Средствата од овој кредит веднаш ќе бидат уплатени на екстерната сметка на Република Македонија и единствено можат да се користат за сервисирање на обврските за странските кредити, кои пристигнуваат за наплата во идниот период. Благодарам.

**ТОМИСАЛВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор по текстот на Предлогот на законот?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Предлогот на текстот на законот.

Предлогот нанзаконот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

(По гласањето).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, реков дека треба да се повтори гласањето.

Ги повикувам колегите што се надвор да влезат во салата.

Молам да гласаме.

Вклучете го системот за гласање и ве молам да гласаме.

Гласале 75 пратеници од кои 59 пратеници "за", 15 пратеници "воздржани" и 1 пратеник е "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Меѓународното здружение за развој по договорот за кредит за итна економска обнова.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 97-та седница на Собранието на Република Македонија.

Колеги, по движењето треба да продолжиме со 93-та седница.

Имате ли предлог или ќе продолжиме.

Ја заклучувам седницата и по писмен пат ќе бидете известени.

(Седницата заврши во <u>16,25</u> часот)